# ЦНЦ РУТЕР

## RK-4AX-PREMIUM




Цнц рутер од премиум серијата на RADEK со 4 оски специјализиран за комплексни производи и обработка на врати со можност за кроење, вертикално и хоризонтално бушење, длабење и гравирање. Комплетен процен на обработка на врати со една машина.
Познат по високата прецизност, брзината, продуктивноста и флексибилната употреба за кроење, гравирање и бушење. Опремен со вакуум табла, вакуум пумпа 7.5kw, пневматски позиционери, уред за автоматско менување на алат, сензор за калибрирање на алат, магацин за 12 алатки, автоматски систем за подмачкување, отпрашувач со две вреќи (5.5kW), флексибилно црево за отпрашување, сет гумици за вакуум табла, калапи за подигнување на работното парче и сет чаури и фрезери.



**4-ТА ОСКА**

Главниот мотор може да се ротира кој овозможува обработка на комплексни производи.



### ИНДУСТРИСКИ МОТОР 9KW

Изработката, дизајнот и пропратните делови од моторот се 100% идентични со квалитет на водечките светски познати производители. Моторот има 24.000 вртежи во минута и воздушно ладење кој овозможува беспрекорна обработка на секакви материјали и дебелини.



### РАБОТНА МАСА

Работната маса на машината е конструирана од специјална пластика отпорна на абење и за користење на вакуум пумпа. Дополнително има интегрирани ''Т'' алуминиумски шини кој овозможуваат мануелно фиксирање на парчето со помош на стеги.



### ДВИЖЕЊЕ НА Z ОСКА

Z оската се смета за најоптоварена и поради тоа е имлементирано навојно вретено кое овозможува исклучително прецизност, ниско триење на елементите, максимално штитење од брзо абење како и превентива од загревање на елементите кој се тријат за време на работа на машината.



### ИНДУСТРИСКА ВАКУУМ ПУМПА

Машината е опремена со вакуум пумпа од 7.5kW моќност со воздушно ладење. Капацитетот на вакуум пумпата е 550m$^3$ на час што овозможува висока апсорпција и на мали панели.



### ОПЕРАТИВЕН СИСТЕМ

LNC оперативен систем од високо реномиран Тајвански бренд. Овозможува лесен и организиран пристап до сите функции на машината.

| | |
|---|---|
| Работна површина | 1300x2500x500mm |
| Моќност на главен мотор | 9kW |
| Број на вртежи на главен мотор | 24.000rpm |
| Тип на ладење на главен мотор | Воздушно |
| Вид на мотори за движење | Серво мотори |
| Моќност на моторите за движење | 1.5kW |
| Работна маса | Вакуум маса + алуминиумски шини |
| Моќност на вакум пумпа | 7.5kW |
| Капацитет на вакуум пумпа | 550m$^3$/h |
| Тип на ладење на вакуум пумпа | Воздушно |
| Број на вакуум зони | x6 |
| Магацин за алатки | x12 |
| Оперативен систем | Тајван LNC |
| Брзина на обработка | 0-30m/min |
| Тип на чаура на главен мотор | ER32 |
| Дијаметар на прихват на чаура | 2-25mm |
| Димензии на машината | 3870x2600x3300mm |
| Тежина | 2100kg |



### ДВИЖЕЊЕ НА X И Y ОСКА

Движењето на оските е преку линеарни водилки (30mm и 25mm) и назабена летва, од високо реномираниот бренд HIWIN од Тајван, докажано најдобар и најупотреблив систем на движење кај повеќето цнц машини. Овозможува непопречена работа, ниска бучава и значително намалување на сите дополнителни оптоварувања.



### СЕРВО МОТОРИ СО ВИСОКА ПРЕЦИЗНОСТ

Специјално дизајнирани за високи барања и перформанси во комбинација со редуктор од високо реномиран Јапонски бренд. Гарантирано прецизно позиционирање на мостот и вретеното без отстапка и грешка и со висока брзина на движење до 30 метри во минута. Докажан квалитет и стабилност во работата и во тешки индустриски услови.

**ЗА КОМПЛЕКСНИ ОБРАБОТКИ!**